### НА БАРАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА ТЕАТАРСКА МРЕЖА „ТЕОРЕМ“

# Македонската театарска берза одложена за јануари

Македонската театарска берза што требаше да се одржи следниот месец е одложена за терминот 17-20 јануари. Причините за одложувањето, како што рече еден од инцијаторите на оваа акција, Љубиша Никодиновски - Биш, е барањето на европската театарската мрежа „Теорем“, во која учествуваат видни фестивали, театарски центри и институти за поместување на берзата. Имено, во назначениот термин во Скопје е предвидено и одржување на конференција на мрежата „Теорем“, што за првпат се случува во некоја земја што не членува во мрежата, со што ќе ѝ се даде дополнително значење на Берзата.

На Македонската театарска берза ќе учествуваат и веќе најавените претставници од неколку престижни европски фестивали и директорите на неколку еминентни француски театарски куќи.

Инаку, целта на Македонската театарска берза е афирмација и презентација на најдоброто од поновата македонска театарска продукција пред пошироката театарска јавност, а на неа ќе учествуваат претстави од театрите и од куќите што беа иницијатори на оваа идеја - Драмскиот театар, МНТ, Народниот театар од Битола и МОТ. Досега е извесно само дека на берзата ќе биде прикажанапретставата „Мацедоине - Одисеја 2001“, која ќе биде малку скратена и прилагодена на околностите.

М.П.



Присуството на речиси целокупниот државен естаблишмент од редовите на ДПМНЕ ги актуелизираше шпекулациите дека „Македонскиот иконостас“ е политичка нарачка. Анастасов ги демантира овие озборувања. „Евентуалната политичка конотација на изложбата не е моја работа. Сакам да разговарам за нејзините ликовни аспекти“, вели Анастасов.

### „МАКЕДОНСКИ ИКОНОСТАС“ ВО МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

# Ликовни, а не политички аспекти

„Исклучителен авторски проект каков што не е забележан во досегашниот развиток на современата македонска уметност“ - вака д-р Владимир Величковски го оценува најновиот проект на сликарот Родољуб Анастасов, „Македонски иконосас - дванаесет апостоли на ВМРО“, помпезно отворен деновиве, во Музејот на град Скопје.

Проектот е составен од портретите на дванаесетмина членови на револуционерната македонска организација, меѓу кои се и личности, чија улога во македонската историја сè уште има полемичен карактер. Анасатасов не сака да го коментира изборот на дванаесеттемина портртеирани, меѓу кои се, на пример, и Гоце Делчев и Иван Михајлов, и Дамјан Груев и Тодор Александров. „Зошто овие дванаесет, а не некои други? Тоа е моето лично чувство, што никој не може да ми го оспори“, вели Анастасов.

Овој циклус „Апостоли на ВМРО“ е дел од големиот креативен зафат на Анастасов „Македонски портрет на 20 век“. „Овие не се ни првите, ни последните портрети. Имам изработено повеќе и тие се поврзани со мојата длабока потрага по филозофијата на секој поединечен лик“, вели Анастасов.

„Да се обликува портретен лик според сиромашен фотоматеријал значи да се вклучи имагинацијата и специфичниот креативен напор во доловувањето на суштествените аспекти на портретниот жанр“, вели Величковски.

Затоа, Анастасов со оваа изложба прави невидливото да стане видливо. „Во овој иконостас е содржан уметниковиот омаж, во кој со душа и уверување се манифестира сопствениот морален, човечки и историски идеал и идентитет“, заклучува д-р Величковски.

J.Ф.



Објавени добитниците на